**Исплатен уште еден корисник на средства од ИПАРД програмата по четвртиот Јавен повик (02/2011)**

По успешна реализација на одобрената инвестиција уште еден корисник доби средства од ЕУ фондовите наменети за рурален развој.



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој по четвртиот Јавен повик (02/2011) исплати 193.725,00 денари на корисникот Никола Павловски од Ресен за обновување на постоечките овошни насади.

Од вкупно исплатените средства, 145.293,50 денари се средства од буџетот на ЕУ и 48.431,50 денари се средства од буџетот на РМ.